ЦРНА ХРОНИКА

# Маж од Кочани се повредил со воздушна пушка: однесен во болница во Штип

Објавено пред 8 часа - 1 мај, 2026
Од **А. О. / Макфакс**



Вчера во 08:55 часот во ОВР Кочани од Итната медицинска помош било пријавено дека кај нив со повреди од огнено оружје бил донесен 43-годишниот А.Г. од Кочани, кој, според пријавеното, самиот се повредил со воздушна пушка.

Тој бил препратен во Клиничкиот центар Штип, а извршен е увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

©Makfax.com.mk Доколку преземете содржина од оваа страница, во целост сте се согласиле со нејзините Услови за користење.

**ПОВРЗАНИ АРТИКЛИ:** #ХРОНИКА







## НАЈНОВО


ЗАБАВА / 2 минути
**Тие живеат за нови искуства: Овие хороскопски знаци се сложуваат одлично со секој партнер**


СВЕТ / 9 минути
**Пристигна одговорот на Европската Унија на новиот удар на Трамп**


СВЕТ / 25 минути
**Шефот на ОН: Законот за смртна казна во Израел ја продлабочува расната дискриминација**


СВЕТ / 1 час
**Трамп објави нов удар за ЕУ**


ЗАБАВА / 3 часа
**Овие знаци започнуваат „нов живот“: Сѐ се менува за нив – од корен**


СВЕТ / 3 часа
**Белата куќа одбива да коментира за новиот ирански предлог**


СВЕТ / 3 часа
**САД бараат директни преговори меѓу Либан и Израел**


ЗАБАВА / 3 часа
**(Видео) Кејт Хадсон призна што ја одвраќа кај мажите: „Тоа е знак за предупредување за мене“**


ЕВРОПА / 4 часа
**(Видео) Маж прогласен виновен за обид за напад во Лондон**

---

ЦРНА ХРОНИКА

# Тројца уапсени, вкупно четири пријави за семејно насилство во последното денонoќие

Објавено пред 7 часа - 1 мај, 2026
Од **А. О. / Макфакс**



Вчера во 17:10 часот, во Велес, полициски службеници од СВР Велес лишија од слобода 36-годишен велешанец, постапувајќи по претходна пријава дека и се заканувал на неговата 33-годишна вонбрачна партнерка пред домот каде таа престојувала, а истото се случило и неколку дена претходно. Известени се јавен обвинител и социјален работник и по документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава, информира МВР.

На 30.04.2026 во 00:22 часот во СВР Охрид е пријавено дека Х.В. од Охрид, во семејниот дом бил агресивен кон членови на неговото семејство. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.05.2026 во 00:10 часот во Свети Николе полициски службеници од ОВР Свети

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

---

ЦРНА ХРОНИКА

# Лишени од слобода седум возачи за безобѕирно управување возило, петмина возеле без дозвола

Објавено пред 7 часа - 1 мај, 2026
Од **А. О. / Макфакс**



Во текот на изминатото денонoќие на целата територија на државата, полициските службеници лишија од слобода седум возачи за безобѕирно управување возило. Од нив, петмина (двајца во Кичево и тројца во Скопје) управувале возило без возачка дозвола, а двајца (по еден во Неготино и Кичево) управувале возило под дејство на алкохол. По целосно документирање на случаите ќе бидат поднесени соодветни кривични пријави, извести Министерството за внатрешни работи.

„Апелираме до сите учесници во сообраќајот да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи, да не управуваат возило без положен возачки испит или доколку имаат изречена мерка за забрана за управување или доколку се под дејство на алкохол и сите заеднички да придонесеме за побезбеден сообраќај“, велат од МВР.

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

---

ЦРНА ХРОНИКА

# Претрес во струмичко, пронајдена дрога, лишени од слобода четири лица

Објавено пред 8 часа - 1 мај, 2026
Од **А. О. / Макфакс**



На 29.04.2026 во 23:15 часот во село Муртино, струмичко, полициски службеници од СВР Струмица ги лишија од слобода С.З.(36), Д.В.(21), Б.М.(20) и С.А.(40), сите од село Муртино, струмичко.

При претрес во домот на С.З. извршен со судска наредба, во кој биле затекнати и Д.В., Б.М. и С.А. била пронајдена марихуана.

Лицата се задржани во Полициската станица Струмица, а за настанот е запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава.

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...



Copyright © 2026 - Member of IAB Macedonia